Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Василево, на ден 16.08.2022 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 1MW на К.П.бр.982, КО Доброшинци вон град ,општина Василево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Василево, www.vasilevo.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 1MW на К.П.бр.982, КО Доброшинци вон град ,општина Василево нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Целта на изработка на урбанистичка документација е да се стимулира развојот на трговијата и стопанството на овој дел од општината со цел определување на правците на ширење на локации за производство, трговија за овој и наредните плански региони. Овој план е со опфат од 7266,78 м$^2$. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.
4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.10-1301/1
Датум:16.08.2022 год
Место: општина Василево

Име и презиме
Градоначалник

Славе Андонов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВАСИЛЕВО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО